СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 687/2021
Дата.....2-5-05-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42, став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Кривогаштани, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на локален пат од населено место Подвис до Регионален пат Р2335 во КО Подвис, Општина Кривогаштани.**

Должината на локалниот пат за којшто се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува околу 182 м. Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма зафаќа делови од катастарските парцели КП бр. 338/1, 352 и 1226 во КО Подвис, Општина Кривогаштани и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y02321** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изградба на локален пат од населено место Подвис до Регионален пат Р2335 во КО Подвис, Општина Кривогаштани, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградба на локален пат од населено место Подвис до Регионален пат Р2335 во КО Подвис, Општина Кривогаштани, потребно е да се почитуваат одредбите

пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животна средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Кривогаштани, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), со постапка бр. 33820 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот **за изградба на локален пат од населено место Подвис до Регионален пат Р2335 во КО Подвис, Општина Кривогаштани.** Должината на локалниот пат за којшто се издаваат Услови за планирање на просторот изнесува околу 182 м. Површината на планскиот опфат согласно Предлог Планската програма зафаќа делови од катастарските парцели КП бр. 338/1, 352 и 1226 во КО Подвис, Општина Кривогаштани и неговата местоположба е дефинирана во рамките на прикажан графички прилог.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на локален пат од населено место Подвис до Регионален пат Р2335 во КО Подвис, Општина Кривогаштани, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 687/2021 од 17.05.2021 година.

Условите за планирање на просторот се издаваат за изградба на локален пат од населено место Подвис до Регионален пат Р2335 во КО Подвис, Општина Кривогаштани и претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од "Просторниот план на Република Македонија", претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општата управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на локален пат од населено место Подвис до Регионален пат Р2335 во КО Подвис, Општина Кривогаштани,** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Naser Nuredini**

Изготвил: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk